РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-189/1
13-01-2026 г./v.

ДКСК
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

KSHPK
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), членот 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 26-та седница, на ден 30.12. 2025 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Пријавата заведена под број 12-2922/1 од 05.11.2025 година, со наводи против службени лица вработени во -- ----------------- --------- -- --------------------- ------------- - - ------------ и други институции, поради сомневање за злоупотреба на службена положба и сторени коруптивни дејствија во повеќе управни предмети и надзорни постапки поврзани со заштита на малолетно дете, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај, поради тоа што предметните наводи и пријавените дејствија не се во надлежност на постапување на ДКСК и за истите друг орган е надлежен да постапува. Воедно, за случајот се води постапка и пред надлежно јавно обвинителство.

Пријавата да се достави на надлежно постапување на Судски совет на РСМ и до Министерството за социјална политика, демографија и млади.

Предметот со број 12-2922/1 од 05.11.2025 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на познат подносител, на ден 05.11.2025 година, поднесена е пријава, по која е оформен предмет број 12-2922/1 од 05.11.2025 година. Во доставената пријава изнесени се наводи против службени лица вработени во -- ----------------- - -------- -- -------------------- ------------- - ------------ и други институции, поради

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

сомневање за злоупотреба на службена положба и сторени коруптивни дејствија во повеќе управни предмети и надзорни постапки поврзани со заштита на малолетно дете, ќерка на подносителот на пријавата. Судските постапки за предметниот случај биле водени во Основниот граѓански суд Скопје и Апелациониот суд Скопје по издаден предлог за изрекување на привремени мерки за заштита од семејно насилство на предлагачот -- ------------------ --------- -- - -------------------- ------------- - ------------- ( ---- --------).

Подносителот на пријавата бара ДКСК да го преиспита случајот и да преземе дејствија согласно нејзините законски надлежности.

При разгледување на пријавата и приложената документација кон истата, констатирано е следното:

За предметниот случај биле водени судски постапки во кои биле донесени две судски решенија.

Првото Решение број I ----- - ---------/---- од --.--.------ година било донесено од Основниот Граѓански суд Скопје, врз основа на поднесен предлог на -- ------------ на град Скопје за изрекување на привремени мерки за заштита од семејно насилство во траење од 12 месеци.

Второто Решение број I - --------/--- било донесено од Апелациониот суд Скопје, на --.--.-------година, врз основа на жалбено барање поднесено против решението за привремени мерки за заштита од семејно насилство донесено од страна на Основниот Граѓански суд Скопје. Со ова Решение, Апелациониот суд го одбил кое жалбеното барање поради неоснованост, а Решението за привремени мерки за заштита од семејно насилство на Основниот граѓански суд Скопје со број I -- ----------/-- од --.--.------- година, било потврдено.

За конкретниот случај, на 07.04.2025 годија била поднесена и кривична пријава по која од страна на Основното јавно обвинителство - Скопје бил оформен предмет број --------- --. бр.-------/----, по кој постапката е во тек и сеуште не е донесена јавно обвинителска одлука.

Од сето погоре констатирано, ДКСК утврди дека предметните наводи и пријавените дејствија не се во надлежност на постапување на ДКСК и за истите други органи се надлежни да постапуваат, па оттаму доставената пријава ќе се достави на надлежно постапување на Судски совет на РСМ и Министерството за социјална политика, демографија и млади. Воедно, за случајот се води постапка и пред надлежно јавно обвинителство.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на наведеното, ДКСК оцени дека нема елементи за надлежно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изработил: П.Б., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: З.Б, член на ДКСК
Доставено до:
Подносителот на пријавата